**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп.1 бр.** 11-17
25.01 **2016 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, член 23 став 1 алинеја 1 и член 64 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), точка 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.11-549/1 од 22.01.2016 година и Овластувањето бр.02-550/1 од 22.01.2016 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради реемитување на програмски сервиси кои оригинално се произведени на англиски јазик, со титл на српски, словенечки, хрватски, бугарски, холандски, романски, португалски, арапски, грчки и/или чешки јазик, овластеното лице од страна на директорот на Агенцијата на ден 25.01.2016 година го донесе следното:

**Решение**
**за опоменување**

1. **СЕ ОПОМЕНУВА** Трговското радиодифузно друштво кабловска телевизија РОБИ ДООЕЛ Штип, поради тоа што во рамките на дигиталниот пакет, следните програмски сервиси коишто се оригинално произведени на англиски јазик, ги реемитувал со титл на:
   - српски, словенечки, хрватски, бугарски, холандски и романски јазик (програмскиот сервис Crime and Investigation),
   - хрватски, холандски, португалски и арапски јазик (програмскиот сервис Food Network),
   - српски, хрватски и словенечки јазик (програмскиот сервис SCI-FI) и
   - холандски, португалски, грчки и чешки јазик (програмскиот сервис Extreme),

   што е спротивно на член 64 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), а казниво по член 147 став 1 точка 13 и став 2 од истиот Закон.
   Повредата од став 1 од оваа точка специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.11-549/1 од 22.01.2016 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

2. **МУ СЕ НАЛОЖУВА** на Трговското радиодифузно друштво кабловска телевизија РОБИ ДООЕЛ Штип, веднаш по приемот на ова решение да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), на начин што доколку програмските сервиси наведени во точка 1 на ова решение кој операторот ги реемитува, се титлувани на јазик различен од јазикот на кој оригинално се произведени, мора да бидат титлувани на македонски јазик, или на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија, освен телешопингот и рекламите.

3. Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор наведен во точка 1 на ова решение, постапил по решението за опоменување.

4. Доколку субјектот на надзорот наведен во точка 1 на ова решение, не постапи по Решението односно продолжи со вршење на повредата за која е опоменет, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги согласно член 23 став 1 алинеја 2 од истиот Закон, ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка пред надлежен суд.

5. Ова решение е конечно.
Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во согласност со член 6 став 1 алинеја 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), презема мерки во согласност со овој закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од овој закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Согласно член 64 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, доколку програмските сервиси што се реемитуваат преку јавни електронски комуникациски мрежи се титлуваат на јазик различен од јазикот на кој оригинално се произведени, мора да бидат титлувани на македонски јазик, или на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија, освен телешопингот и рекламите.

Во рамките на своите законски надлежности, а согласно член 27 и член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата на ден 20.01.2016 година, изврши програмски надзор на програмските сервиси реемитувани во рамките на дигиталниот пакет на операторот, Трговското радиодифузно друштво кабловска телевизија РОБИ ДООЕЛ Штип, при што констатираше дека сторена е повреда на член 64 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно констатираше дека операторот во рамките на дигиталниот пакет, програмските сервиси коишто се оригинално произведени на англиски јазик, ги реемитувал со титл на: српски, словенечки, хрватски, бугарски, холандски и романски јазик (програмскиот сервис Crime and Investigation), хрватски, холандски, португалски и арапски јазик (програмскиот сервис Food Network), српски, хрватски и словенечки јазик (програмскиот сервис SCI-FI) и холандски, португалски, грчки и чешки јазик (програмскиот сервис Extreme). Констатациите и описот на прекршувањето се детално специфицирани во Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.11-549/1 од 22.01.2016 година (составен дел на ова решение како Прилог бр.1).

Следствено на тоа, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, член 23 став 1 алинеја 1 и член 64 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), точка 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.11-549/1 од 22.01.2016 година и

Овластувањето бр.02-550/1 од 22.01.2016 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, наведено во точка 1 на ова Решение, овластеното лице од страна на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе Решение со кое кон наведениот субјект се презема мерка опомена и му се наложи веднаш по приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), на начин што доколку програмските сервиси наведени во точка 1 на ова решение кој операторот ги реемитува се титлитуваат на јазик на кој оригинално се произведени, мора да бидат титлувани на македонски јазик, или на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија, освен телешопингот и рекламите.

Агенцијата ќе изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали наведениот субјект постапил по налогот односно опомената.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова решение е конечно и против него операторот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението. Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**по овластување на Директорот,**

**м-р Драгица ЉУБЕВСКА**

**Упатство за правно средство:** Против ова решение операторот на јавна електронска комуникациска мрежа може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Прилози (1):

- Писмен извештај за извршен програмски надзор бр.11-549/1 од 22.01.2016 година.

Доставено до:
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво кабловска телевизија РОБИ ДООЕЛ Штип;
- Трговското радиодифузно друштво кабловска телевизија РОБИ ДООЕЛ Штип;
- Раководител на Одделението за заштита на авторски права;
- Секторот за правни и економско – финансиски работи;
- Агенцијата за електронски комуникации на Република Македонија;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.



РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Врз основа на член 28 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 22 - 01 - 2016

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 11 | 549 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. Вид надзор: вонреден

2. Субјекти на надзорот: Трговско радиодифузно друштво кабловска телевизија РОБИ ДООЕЛ Штип – дигитален пакет

3. Датум на извршување на надзорот: 20.01.2016 година.

4. Предмет на надзорот:

Надзорот се врши врз исполнувањето на обврската во член 64 став 2 – *„Доколку програмските сервиси што се реемитуваат преку јавни електронски комуникациски мрежи се титлуваат на јазик различен од јазикот на кој оригинално се произведени, мора да бидат титлувани на македонски јазик, или на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија, освен телешопингот и рекламите"* од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14 101/14 и 132/14).

5. Претходно изречени мерки: нема

6. Констатација од надзорот:

Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа кој реемитува програмски сервиси на подрачјето на Република Македонија, во рамките на дигиталниот пакет, наместо како што е предвидено во членот 64 став 2 да ги титлува на македонски јазик, или на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија, следниве програмски сервиси, коишто се оригинално произведени на англиски јазик, ги реемитуваше со титл на:

- српски, словенечки, хрватски, бугарски, холандски и романски јазик (програмскиот сервис Crime and Investigation);
- хрватски, холандски, португалски и арапски јазик (програмскиот сервис Food Network);
- српски, хрватски и словенечки јазик (програмскиот сервис SCI-FI) и

- холандски, португалски, грчки и чешки (програмскиот сервис Extreme).

ПРЕДЛОГ МЕРКА:

1. Директорот на Агенцијата да донесе решение за мерка опомена на операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Трговско радиодифузно друштво кабловска телевизија РОБИ ДООЕЛ Штип и согласно точка 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи веднаш по приемот на решението за преземање мерка – опомена да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

2. Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали операторот постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во решението донесено од страна на Директорот на Агенцијата.

**Одделение за заштита на авторски права, Сектор за стратешко планирање и авторски права**